Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr. 02-814/5
26.03. 2024
Скопје/Shkup

Врз основа на член 70 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18, 248/18 и 235/22), член 8 став 3 од Правилникот за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за судските службеници бр.01-285/1 од 13.02.2019 година, член 8 став 2 и член 9 алинеја 9 од Законот за судски буџет (Сл.весник на РМ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), член 28, 29, 30 и 31 од Колективниот договор на Судски совет на РСМ бр.04-2071/1 од 29.12.2021 година, член 8-а од Изборниот законик (Сл.весник на РМ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) и член 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси (Сл.весник на РСМ бр.12/19) и член 12 став 1 од Деловник за работа на Судскиот буџетски совет бр.01-547/24 од 12.05.2014 година, Судскиот буџетски совет на 26.03.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За необезбедување средства за исплата на додатоци на плата за месец март 2024 година

Член 1

Со Буџетот за 2024 година за раздел 29010-Судска власт за месец март 2024 година не се обезбедуваат средства за исплата на додатоци на плата за судските службеници и вработените во ССРСМ согласно одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно член 70 став 3 од Законот за судска служба додаток на плата на судски службеници може да се исплатат по донесена одлука на Судски буџетски совет за обезбедени финансиски средства.

Согласно членовите 28, 29, 30 и 31 од Колективниот договор на Судски совет на РСМ, вработените во Советот имаат право на додаток на плата, по претходно одобрени средства од Судскиот буџетски совет.

Согласно член 8-а од Изборниот законик (Сл.весник на РМ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на РСМ“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), и член 34 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси (Сл.весник на РСМ бр.12/19), Судскиот буџетски совет донесе одлука дека за месец март 2024 година не се обезбедуваат средства за исплата на додатоци на плата за судските службеници и вработените во ССРСМ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Весна Дамева**